# АНАЛИЗА НА ПАЗАРОТ НА ПОШТЕНСКИ УСЛУГИ ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

## - вторo полугодие на 2025 година

Данијела Спасиќ Томовска,раководител

*ВОВЕД*

*Поштенскиот сектор е дефиниран како сектор што управува со движењето на писма- пораки, пакети-производи и финансиски трансакции, користејќи превозници и потпирајќи се на логистичката и транспортна инфраструктура за да ги достави пратките од испраќачите до крајните примачи.*

*Во текот на изминатите две децении, поштенскиот сектор доживеа значајна трансформација поради либерализација, приватизација и зголемена конкуренција од приватни даватели на поштенски услуги. Иако поштенските услуги сѐ уште се занимаваат со доставување писма и пакети, управување со инфраструктура и со понуда на финансиски услуги, нивните модели на приходи значително се променија.*

*Во рамки на Европската Унија донесени се директиви за поштенските услуги чија це е да се обезбеди пристап до поштенски услуги кои се достапни, со висок квалитет и ефикасни услуги. Сегашниот развој на технологијата, економијата и општеството, придружени со падот на обемот на писма, и растечките обеми на пакети продолжуваат да го менуваат користењето и потребата од поштенски услуги во иднина.*

Согласно законските одредби, а во функција на извршување на надлежностите на Агенцијата за пошти, давателите на поштенски услуги имаат обврска за доставување на податоци од своето работење и истите да ги достават со пополнување на Извештај за обезбедување на поштенските услуги два пати во годината[1].

Извештајот содржи податоци за обемот и видот на пратките, подрачјето на кое се обезбедуваат поштенските услуги, бројот на вработени лица кај давателите на поштенски услуги, финансиските средства остварени од услугите, бројот на рекламации за дадениот период, капацитетот на јавната поштенска мрежа и др.

Во продолжение следи Анализата на пазар на поштенски услуги за второто полугодие од 2025 година, со направена споредба на податоците за второто полугодие од 2024 година. Основната цел на анализата е да се даде слика за вкупниот развој на поштенскиот сектор, дали одредени услуги имаат зголемување или намалување и ваквиот развој од аспект на светските трендови.

## *1. ДАВАТЕЛИ НА ПОШТЕНСКИ УСЛУГИ*

Во второто полугодие од 2025 година работеле вкупно 28 даватели на поштенски услуги.

Графикон 1: Број на даватели на поштенски услуги




[1] http://ap.mk/index.php/mk/formulari-analiza

Од вкупниот број на даватели на поштенски услуги 28 кои работеле во второто полугодие на 2024 година пополнети Извештаи доставиле 28 даватели, кои се предмет на оваа Анализа и на овој извештај. Во второто полугодие на 2025 година имаме значително  намалување на бројот на даватели на поштенски услуги. Поголемите побарување на корисниците во поглед на квалитетот на услугите, како и поголемата пазарната конкуренција во делот на обезбедување на услугите, го креира пазарот и можноста да се работи во овој сектор.

Табела 1: Даватели на поштенски услуги

| | 2024 година второ полугодие | 2025 година прво полугодие |
|---|---|---|
| Давател на универзална услуга –АД Пошта на Северна Македонија | 1 | 1 |
| Даватели на поштенски услуги на слободниот пазар | 31 | 27 |

## *2. ОСТВАРЕН ОБЕМ НА ПОШТЕНСКИ УСЛУГИ*

Исполнување на обврската на давателите за поштенски услуги за доставување на Извештаите два пати годишно, дава и поточна слика за пазарот на поштенските услуги.

Табела 2: Податоци за обем на поштенски пратки

| | 2024 второ полугодие | 2025 второ полугодие |
|---|---|---|
| АД Пошта на Северна Македонија | 13,140,470 | 13,208,982 |
| Даватели на поштенски услуги на слободниот пазар | 4,241,806 | 4,481,431 |
| Вкупен обем | 17,382,276 | 17,690,413 |

Графикон 2: Пазарен удел на даватели на поштенски услуги према број на остварени услуги




Како што може да се забележи имаме зголемување на вкупниот обем за второто полугодие во 2025 година, во однос на второто полугодие во 2024 година. Зголемувањето на обемот во однос на истиот период во 2024 година изнесува околу 1,8 %. И покрај намалениот број на даватели на поштенски услуги обем на пратките бележи зголемување. Со појавата на меѓународните платформи кои нудат се поголема палета на услуги се очекува и во наредниот период пазарот да бележи зголемување на обемот на услугите.

Второто полугодие на 2025 година бележи зголемување на обемот кај давателот на универзалната услуга од 0,5%. Зголемувањето на обемот кај даватели на поштенски услуги на слободниот пазар изнесува околу 5,6%

Графикон 3. Остварен обем кај даватели на поштенски услуги



Графикон 4:Удел на даватели на поштенски услуги на пазарот




Во второто полугодие на 2025 година има зголемување на удел на пазарот на давателите на поштенски услуги на слободниот пазар во однос на второто полугодие на 2024 година за 0,93 %.

Графикон 5: Движење на уделот на даватели на поштенски услуги на пазарот



## 3. ВКУПЕН ОБЕМ НА ПОШТЕНСКИ ПРАТКИ КАЈ АД ПОШТА НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Анализирајќи ги податоците во рамки на универзалната услуга се забележува дека нема големо зголемување на услугите во рамки на универзалната услуга, односно обемот на пратките за кореспонденција бележи мало зголемување, додека директната пошта има намалување, како и услугите надвор од универзалната услуга. Пратките за кореcподенција бележат зголемување од околу 0,94%.

Табела 3. Вкупен обем на поштенски пратки кај АД Пошта на Северна Македонија во рамки на универзалната услуга

| *ВИДОВИ ПОШТЕНСКИ ПРАТКИ* | 2024 второ полугодие | 2025 второ полугодие |
|---|---|---|
| **Вкупен обем остварен од услугите во рамките на универзална услуга** | **12,983,573** | **12,995,244** |
| **1. Пратки за кореcподенција** | 11,961,254 | 12,073,773 |
| **2. Мали пакети** | 0 | 0 |
| **3. Директна пошта** | 94,665 | 1,366 |
| **4. Пакети** | 74,856 | 63,671 |
| **5. Печатени работи** | 852,798 | 856,434 |
| **Вкупен обем остварен од услугите надвор од универзална услуга** | **849,450** | **213,738** |

Универзалната услуга и понатаму ќе има важна улога како услуга од јавен интерес, пред се поради својата ценовна прифатливост и достапност во целата територија на Република Северна Македонија. Сепак, со оглед на развојот на понови, поефикасни или поевтини прифатливи начини на комуникација, се очекува нејзино постепено намалување и губење на значењето.

Графикон 6: Вкупен обем на АД Пошта на Северна Македонија




Табела 4: Вкупен обем на пратки за коресподенција

| Вкупен обем на пратки за коресподенција | *12,073,773* | *100%* |
|---|---|---|
| ***Писма*** | *12,021,447* | *99,6%* |
| ****Вкупен обем на писма во рамките на универзалната услуга*** | *9,132,268* | *76%* |
| ****  Вкупен обем на писма до 50 грама*** | *8,031,472* | *66,8%* |

Во рамки на пратките за коресподенција писмото опфаќа 99,6 % од вкупниот остварен обем во оваа категорија, додека околу од вкупниот обем на писмата 66,8% се писма до 50 грама.

Табела 5: Вкупен обем на писма до 50 грама второ полугодие на 2024 година и второ полугодие на 2025 година

| | Второ полугодие 2024 | Второ полугодие 2025 |
|---|---|---|
| *Вкупен обем на пратки за коресподенција* | *100%* | *100%* |
| *Писма* | *99,70%* | *99,60%* |
| ** Вкупен обем на писма во рамките на универзалната услуга* | *80,50%* | *76%* |
| **  Вкупен обем на писма до 50 грама* | *68,70%* | *66,80%* |

Табела 6: Вкупен обем на поштенски услуги од внатрешен и меѓународен поштенски сообраќај - АД Пошта на Северна Македонија

| Вкупен обем остварен од обезбедување на поштенски услуги | Внатрешен поштенски сообраќај | Меѓународен поштенски сообраќај |
|---|---|---|
| 13,208,982 | 11,140,105 | 2,068,877 |
| | 84,34% | 15,66% |

Табела 7: Вкупен обем на АД Пошта на Северна Македонија остварен во внатрешен поштенски сообраќај

| Внатрешен поштенски сообраќај | | |
|---|---|---|
| **Физички лица** | **Правни лица** | **Вкупно** |
| 2,353,117 | 8,786,988 | 11,140,105 |
| 21% | 79% | |

Давателот на универзална услуга 84,34% од вкупниот обем го остварува во внатрешен сообраќај и тоа од правни лица 79%.

Графикон 7: Обем остварен во внатрешен поштенски сообраќај



Табела 8: Пратки за кореспонденција- внатрешен сообраќај

| Вкупен обем на пратки за кореcподенција во второто полугодие на 2025 година | Вкупен обем на пратки за кореcподенција во внатрешен сообраќај | Физички лица | Правни лица |
|---|---|---|---|
| *12,073,773* | 10,602,034 | 2,317,583 | 8,284,451 |
| | 87,8% | 21,9% | 78,1% |

Од вкупно остварениот обем на пратки за кореспонденција во второто полугодие на 2025 година, 87,8% е остварен во внатрешен сообраќај и тоа 78,1% од правни лица.

Табела 9: Пратки за кореспонденција – меѓународен сообраќај

| Вкупен обем на пратки за кореcподенција во второто полугодие на 2025 година | Вкупен обем на пратки за кореcподенција во меѓународен сообраќај | меѓународен појдовен сообраќај | меѓународен дојдовен сообраќај |
|---|---|---|---|
| *12,073,773* | 1,471,739 | 542,497 | 929,242 |
| | 12,2% | 36,9% | 63,1% |

Второто полугодие на 2025 година давателот на универзалната услуга бележи мало намалување на обемот на пакети за околу 15% во однос на второто полугодие на 2024 година. Средината во која се обезбедувале поштенските услуги во последните години значително влијаеше на побарувачката за одредени видови услуги. Продолжи падот на бројот на писма, додека бројот на пакети продолжи да расте, што е во согласност со трендовите на пазарите во другите земји на ЕУ.

Зголемената потреба на корисниците за користење на он лине услуги, односно нарачување на услуги он лине и потребата за нивна достава до крајниот примач, го зголемува обемот на услугата пакети, и овој тренд треба да се покажува и кај давателот на универзалната услуга.

Графикон 8: Вкупен обем на пакети




Вкупниот процент на обемот на пакети кај давателот на универзалната услуга во однос остварениот обем на пакети на пазарот во Република Северна Македонија во второто полугодие на 2025 година (4,256,508) е многу мал и изнесува 0,015 %.

Графикон 9: Обем на пакети второ полугодие 2024-2025 година- АД Пошта на Северна Македонија



## 4. ВКУПЕН ОБЕМ НА ПОШТЕНСКИ ПРАТКИ КАЈ ДАВАТЕЛИТЕ НА ПОШТЕНСКИ УСЛУГИ НА СЛОБОДЕН ПАЗАР

Табела 10. Обем на поштенски пратки кај даватели на поштенски услуги на слободен пазар

| *ВИДОВИ ПОШТЕНСКИ ПРАТКИ* | 2024 второ полугодие | 2025 второ полугодие |
|---|---|---|
| **Вкупен обем на поштенски пратки** | 4,241,806 | 4,481,431 |
| **1. Пратки за коресподенција** | 591,933 | 214,985 |
| **2. Директна пошта** | 374,062 | 2,814 |
| **3. Пакети** | 3,224,162 | 4,192,837 |
| **4. Печатени работи** | 0 | 0 |

Давателите на поштенските услуги на слободниот пазар имаат зголемување на вкупниот обем на поштенски пратки за околу 5,6 % и намалување на пратките за коресподенција за околу 63%, но зголемување на обемот на пакети за околу 30%, во однос на второто полугодие од 2024 год.

Табела 11. Поштенски пратки од меѓународен сообраќај

| Меѓународен сообраќај 2025 година | Второ полугодие 2024 г дојдовен | Второ полугодие 2024 г појдовен | Второ полугодие 2025 г дојдовен | Второ полугодие 2025 г појдовен |
|---|---|---|---|---|
| **Пратки за кореспонденција** | 3,293 | 11,038 | 11,180 | 55,205 |
| **Пакети** | 253,167 | 85,694 | 1,674,351 | 344,457 |
| **Вкупно** | 256,460 | 96,732 | 1,685,531 | 399,662 |

Во второто полугодие на 2025 година 11 даватели на поштенски услуги на слободниот пазар обезбедувале поштенски услуги од меѓународен сообраќај.

Графикон 10. Даватели на поштенски услуги на слободниот пазар со најголем обем во услугата пратки за коресподенција – 2025 година, второ полугодие




Од вкупно оствareниот обем на пратки за кореспонденција на пазарот 12.288.758 пратки, давателот на универзалната услуга има остварено 98 %, а давателите на поштенски услуги на слободниот пазар 2%, што всушност укажува дека нема конкуренција на пазарот во делот на пратките за кореспонденција, како и обратна состојба во делот на обебзедување на услугата пакети која е 99,9% обезбедувана од даватели на поштенски услуги на слободниот пазар

Графикон 11. Даватели на поштенски услуги на слободниот пазар со најголем обем во услугата пакети - 2025 година, второ полугодие



Од 16 даватели на поштенски услуги на слободниот пазар кои работеле услугата пакети во извештајниот период, 5 од нив имаат намалување на обемот на пакети во второто полугодие на 2025 година во споредба со второто полугодие на 2024 година.

Во второто полугододие на 2025 година во споредба со второто полугодие на 2024 година 12 даватели на поштенски услуги имаат намалување на обемот на пратките за кореспонденција. Од 21 даватели на поштенски услуги на слободниот пазар кои работат со пратките за кореспонденција, 5 даватели на поштенски услуги имаат остварено 69 % од вкупниот обем на пратки за кореспонденција.

## 5. ПРАТКИ ОД Е-ТРГОВИЈА И ПРАТКИ СО ОТКУПНИНА КАЈ ДАВАТЕЛИ НА ПОШТЕНСКИ УСЛУГИ

Со новите извештаи за обезбедување на поштенски услуги, давателите на поштенски услуги се обврзани да доставуваат податоци и за услуги од е-трговија, како и пратки со откупнина. Следејќи го движењето на пазарот забележително е дека корисниците се повеќе користат пратки од е-трговија, и ја користат услугата за која плаќаат во моментот на приемот на пратката.

Е-трговијата претставува огромна можност за поштенски услуги бидејќи потрошувачите стануваат сè поудобни да нарачуваат предмети онлајн од платформите за е-трговија, а традиционалните услуги преминуваат во дигитални услуги. Со зголемувањето на обемот на онлајн продажба, е-трговците бараат исплатливи канали за достава и прием на производите. Поштенските услуги, со нивните долго-воспоставени национални мрежи и искуство во испораката до примачот, се појавуваат како ефикасни партнери во овој дел.

Табела 12. Пратки со откупнина кај даватели на поштенски услуги на слободниот пазар

| | второ полугодие 2024 | второ полугодие 2025 |
|---|---|---|
| Писма со откупнина | 8,136 | 0 |
| Пакети со откупнина | 1,441,858 | 1,281,054 |

Електронската трговија одигра особено позитивна улога за давателите на поштенски услуги придвижувајќи го обемот на пратките низ нивните поштенски мрежи во време на опаѓање на обемот на писмата.

Пратка со откупнина се врачува на примачот со претходна наплата на откупниот износ означен на самата пратка. Како пратка со откупнина може да се испрати секоја препорачана или вредносна пратка.

## 6. БРОЈ НА ВРАБОТЕНИ И ТОЧКИ ЗА ПРИСТАП ВО ПОШТЕНСКИОТ СЕКТОР

Бројот на вработени во поштенскиот сектор изнесува 2.580 лица од кои 1.638 вработени кај давателот на универзалната услуга, додека 942 вработени кај давателите на слободниот пазар. Давателот на универзална услуга има 288 договорни пошторазнесувачи и 17 лица ангажирани по договор за вршење на услуги.

Второто полугодие на 2025 година во однос на второто полугодие на 2024 година бележи намалување на вработени лица кај давателот на универзалната услуга од 2,3%.

Второто полугодие на 2025 година завршува со намален број на вработени лица кај давателите на поштенски услуги на слободниот пазар за 11,8%.

Односно намалувањето на вработени лица во поштенскиот сектор изнесува околу 6 %.

Табела 13. Број на вработени во поштенскиот сектор

| Вкупен број на вработени во поштенскиот сектор | 2024 второ полугодие | 2025 второ полугодие |
| --- | --- | --- |
| АД Пошта на Северна Македонија | 1,676 | 1,638 |
| - *Број на пошторазнесувачи* | 469 | 420 |
| - *Договорни пошторазнесувачи* | 252 | 288 |
| Даватели на поштенски услуги на слободниот поштенски пазар | 1,068 | 942 |
| - *Број на пошторазнесувачи* | 477 | 503 |
| - *Договорни пошторазнесувачи* | 404 | 147 |

Табела 14. Точки на пристап - АД Пошта на Северна Македонија

| Точки за пристап | | 2024 второ полугодие | 2025 второ полугодие |
|---|---|---|---|
| 1. | Поштенски единици за прием на поштенски пратки | 326 | 326 |
| 2. | Поштенски сандачиња | 372 | 372 |
| 3. | Поштенски преградоци | 6,539 | 6,539 |
| | Вкупно | 7,237 | 7,237 |

Точките за пристап преку кои корисниците имаат пристап до универзалната услуга, но и на сите останати поштенски услуги, кај давателот на универзалната услуга се забележува една константа, но тоа е така и заради фактот дека намалување на точките за пристап подлежат на одредени законски постапки.

Табела 15. Точки на пристап – Даватели на поштенски услуги на слободниот пазар

| Точки за пристап | | 2024 второ полугодие | 2025 второ полугодие |
|---|---|---|---|
| 1. | Поштенски единици за прием на поштенски пратки | 216 | 211 |
| 2. | Број на возила за обезбедување на услугите | 955 | 949 |

Давателите на поштенските услуги на слободниот пазар имаат намалување на точките за пристап за 2,3% а исто така и намалување на бројот на возила за околу 0,6%.

Графикон: 12. Договорни пошти, пошторазнесувачи и договорни пошторазнесувачи кај даватели на поштенски услуги на слободниот пазар



Само 3 даватели на поштенски услуги на слободниот пазар имаат пријавено дека работат преку договорни пошти.

## 7. ФИНАНСИСКИ ПОДАТОЦИ ОД ОБЕЗБЕДУВАЊЕ НА ПОШТЕНСКИ УСЛУГИ

АД Пошта на Северна Македонија остварила помалу вкупни приходи (9%) во 2025 година второ полугодие во однос на 2024 истиот период, но 2 % помалку остварила приходи од обезбедување на поштенски услуги. Во второто полугодие на 2025 година има реализирано 7,6% повеќе расходи во однос на второ полугодие на 2024 година.

Табела 16. Остварени приходи и расходи

| | А.Д. Пошта на Северна Македонија (денари) | | Останати даватели на поштенски услуги (денари) | | Вкупно | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | 2024 второ полугодие | 2025 второ полугодие | 2024 второ полугодие | 2025 второ полугодие | 2024 второ полугодие | 2025 второ полугодие | Зголемување/намалување % |
| Вкупни приходи од обезбедување на поштенски и други поврзани услуги | 629,618,775 | 572,677,083 | 804,059,814 | 1,256,715,597 | 1,433,678,589 | 1,829,392,680 | 27,6% |
| Вкупни расходи од обезбедување на поштенски и други поврзани услуги | 936,325,461 | 724,138,282 | 679,755,694 | 1,014,880,342 | 1,616,081,155 | 1,739,018,624 | 7,6% |

Графикон: 13. Удел на даватели на поштенски услуги во вкупни приходи



Структурата на приходите покажува дека се продолжува трендот на порастот на приходите кај давателите на поштенски услуги на слободниот пазар, кои обебзедуваат ценовно поскапи услуги – пакети, додека АД Пошта на Северна Македонија поголемиот приход го остварува од обезбедување на на услуги во рамки на универзалната услуга обезбедувајќи традиционални услуги – писма чиј обем се намалува.

Приходите за второто полугодие на 2024 година кај даватели на поштенски услуги на слободниот пазар имаат зголемување од 56 %, а целиот поштенски сектор има зголемување на приходи од 27.6%.

Графикон 14. Остварени приходи од писма и пакети во рамки на универзалната услуга




Табела 17.Остварени приходи од обезбедување на универзална услуга

| | Вкупно приходи во универзална услуга | Вкупно приходи | Остварен процент |
|---|---|---|---|
| АД Пошта на Северна Македонија | 435,961,420 | 572,677,083 | 76% |

Доколку се анализира обемот и остварените приходи се доаѓа до заклучок дека давателите на поштенските услуги на слободниот пазар имаат зголемување на обем од околу 5,6 %, а имаат зголемување на приходите за 56 %.

Табела 18. Даватели на поштенски услуги на слободниот пазар со најмногу остварени приходи

| **Даватели со најмногу приход** | Процент од вкупни приходи |
| --- | --- |
| ДХЛ | /% |
| Еко Логистик | /% |
| Карго Експрес | /% |
| Вип Пошта | /% |
| Ин Тиме МК БПС | /% |
| | 84.15% |

Од вкупно остварениот приход од обезбедување на поштенски услуги 5 даватели имаат остварено 84,15 %.

## 8. РЕКЛАМАЦИИ ПО ПОШТЕНСКИ ПРАТКИ

Бројот на рекламации кај давателите на поштенски услуги на слободниот пазар е повеќекратно зголемен во однос на второто полугодие на 2024 година, а кај давателот на универзалната услуга има намалување на рекламациите за околу 66%.

Табела 19. Податоци за безбедноста и рекламации на поштенски пратки

| Рекламации | 2024 второ полугодие | 2025 второ полугодие |
| --- | --- | --- |
| **А.Д. Пошта на Северна Македонија** | 95 | 32 |
| **Даватели на поштенски услуги на слободниот пазар** | 886 | 3,394 |

Табела 20. Број на рекламации по видови на пратки

| | Обични писма | Препорачани писма | Вредносни писма | Пакети | Вредносни пакети |
| --- | --- | --- | --- | --- | --- |
| **А.Д. Пошта на Северна Македонија** | | 32 | | | |
| **Даватели на поштенски услуги на слободниот пазар** | 87 | 71 | 2 | 3,161 | 73 |

Кај давателот на универзалната услуга сите рекламации се за препорачани писма, а корисниците рекламирале за пречекорување на рокот за достава, додека кај давателите на поштенски услуги на слободниот пазар корисниците

рекламирале по основ на пречекорување на рокот за достава 47.8%, за оштетени и намалена содржина на пратките 32,4% и 19.8 за изгубени пратки. Од вкупниот број на рекламации кај давателите на поштенски услуги 93% се однесуваат на пакетите.

Графикон 15: Рекламации кај даватели на поштенски услуги




Бројот на рекламации кај давателите на поштенски услуги е 0,019% во однос на вкупно остварениот обем.